## ОПШТИНА ШТИП

МQS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
БР.18-118/4
31. 01.2023 год.

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 36 од Статутот на Општина ШТИП, и донесената Програма за измена и дополнување на програмата за изработка на урбанистички планови за 2022 Штип со Одлука бр. 08-4261/1 од 11.07.2022 година, од Советот на Општина Штип, Градоначалникот на Општина Штип го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

**За организирање на јавна презентација и јавна анкета по изготвена измена и дополнување на детален урбанистички план за дел од УЕ 27,дел од населба "Автокоманда" , Општина Штип**

Границите на опфатот се движат по:

- Од север опфатот е дефиниран по осовина на ул." Глигор Прличев";
- Од исток опфатот е дефиниран по осовина на ул. " Сутјеска " ;
- Од југ опфатот е дефиниран по осовина на ул. " Митко Соколовски ";
- Од запад опфатот е дефиниран по осовина на пешачка патека;

Опфатот е со површина од 4556,66 м$^2$.

Јавната анкета и јавната презентација за изменување и дополнување на детален урбанистички план за дел од УЕ 27,дел од населба "Автокоманда" , Општина Штип ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во информацискиот систем на е- урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

**Јавната анкета ќе трае 30 работни дена од денот на објавувањето на Соопштениeто и тоа од 01 Февруари 2023 до 14 март 2023 год, а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 17 Февруари2023 година во 11:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип.**

**Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.**

Изработил: Лидија Глигорова Јанкова,диа
Одобрил: Лазар Хаџи -Николов

Градоначалник на Општина Штип
Иван Јорданов